**20080841561**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 јули 2008 година.

Бр. 07-2755/1
8 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ

Член 1

Во Законот за заштита од експлозивни материи ("Службен весник на СРМ" број 4/78, 51/88 и 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93 и 66/2007), во членот 134 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Одобрението од ставот 1 на овој член се издава врз основа на поднесено барање.

Барањето од ставот 2 на овој член и одобрението од ставот 1 на овој член се поднесува, односно издава и во електронски облик."

Член 2

Во членот 29 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Одобрението од ставот 1 на овој член се издава врз основа на поднесено барање.

Барањето од ставот 2 на овој член и одобрението од ставот 1 на овој член се поднесува, односно издава и во електронски облик."

Член 3

Членот 30 се брише.

Член 4

Во членот 31 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одобрението од ставот 1 на овој член се издава и во електронски облик."

Член 5

Во членот 34 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Одобрението од ставот 1 на овој член се издава врз основа на поднесено барање.

Барањето од ставот 2 на овој член и одобрението од ставот 1 на овој член се поднесува, односно издава и во електронски облик.“

Член 6

Во членот 36 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Одобрението од ставот 1 на овој член се издава врз основа на поднесено барање.

Барањето од ставот 3 на овој член и одобрението од ставот 1 на овој член се поднесува, односно издава и во електронски облик.“

Член 7

Членот 38 се брише.

Член 8

Министерот за внатрешни работи во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе донесе прописи за формата и содржината на обрасците на одобрението за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи, барањето за издавање одобрение за вршење на дејноста - производство на експлозивни материи, одобрението за превоз на експлозивни материи, барањето за издавање одобрение за превоз на експлозивни материи, одобрението за повеќекратен превоз на експлозивни материи, одобрението за промет на експлозивни материи, барањето за издавање одобрение за прометевоз на експлозивни материи, одобрението за набавка на експлозивни материи и барањето за издавање одобрение за набавка на експлозивни материи.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.